**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

## за I година

**Гимназиско образование**

**Скопје, 2025 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Македонски јазик и литература*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Година на изучување** | I (прва) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Јазик и комуникација***<br>• ***Литература, изразување и творење***<br>• ***Медиумска писменост*** |
| **Број на часови** | 4 часа неделно / 144 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија, печатач.<br>• Средства и ресурси за учење: фотографии, слики, плакати, постери од книжевници, шеми и прикази за наставниот материјал, паноа кои го следат материјалот по подрачја; речници, правопис, лексикони, енциклопедии, книги, едукативни софтевери, снимки од нарации, аудио – визуелни снимки;<br>• Библиотека во училница, училишна библиотека. |
| **Норматив на наставен кадар** | Настава по предметот Македонски јазик и литература во средно гимназиско образование може да реализира лице кое завршило наставна насока на студиските програми:<br><br>• Македонски јазик и книжевност VII/1 или VI А т.е 240 кредити;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици VII/1 или VI А т.е 240 кредити;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности VII/1 или VI А т.е 240 кредити; |

| | |
|---|---|
| | • Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонска книжевност и култура VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Општа и компаративна книжевност VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br><br>**Забелешка:** Лицата кои завршиле применета насока и се стекнале со назив дипломиран филолог од наведените студиски групи и се здобиле со педагошко – психолошка и методска доквалификација, можат да реализираат настава по предметот Македонски јазик и литература во средно гимназиско образование. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Подрачје: ***ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА***

Вкупно часови: 55

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. ја објаснува улогата на јазикот како средство за ефективна интеракција;
2. толкува историски и лингвистички аспекти на развојот на македонскиот јазик, и ги наведува неговите карактеристики;
3. применува правилно акцентирање во говорењето;
4. ги применува правописните правила при пишувањето (правила за употреба на голема буква, мала буква, слеано и разделено пишување, скратеници и скратувања и примена на правописните знаци);
5. слуша и чита со разбирање;
6. креира текстови за официјална и неофицијална комуникација во различни контексти.

Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:

1. ефикасната комуникација зависи од прилагодувањето на јазичната употреба во различни контексти, форми и средини;
2. говорењето на стандарден македонски јазик и пишувањето со следење на правописните правила придонесува за лична и професионална реализација.

| Содржини (и поими): | Стандарди за оценување: |
|---|---|
| **ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК** | |
| • **Наука за јазикот**<br>(јазик, систем од знаци, говор, комуникација – испраќач, порака, примач; видови комуникација, еднонасочна/заемна, вербална/невербална, сигнална/симболична, знак, симбол, сигнал, дијалект; метајазик, функции на јазикот) | • Ја објаснува важноста на јазикот за комуникација и неговата моќ во однос на другите начини на комуникација.<br>• Ги споредува и толкува особеностите и функциите на јазикот.<br>• Наведува примери за различните видови комуникација.<br>• Демонстрира започнување/вклучување во разговор/комуникација по писмен пат на стандарден македонски јазик.<br>• Го објаснува значењето на поимот метајазик. |
| • **Македонскиот јазик во групата на словенските и јужнословенските јазици**<br>(класификација, словенска група јазици, особености на македонскиот стандарден јазик) | • Ги класифицира словенските јазици, ги подредува и ги препознава нивните сличности.<br>• Наведува, пишува и преведува зборови и едноставни фрази од други словенски јазици.<br>• Наведува примери за секоја особеност на македонскиот јазик и дава објаснување за нив. |
| • **Историски развој на македонскиот јазик**<br>( старословенски јазик, глаголица, кирилица, црковнословенски јазик, македонска варијанта на црковнословенскиот јазик; средновековни школи и споменици; црковнословенски наспрема народен јазик, дамаскини и грамоти, Дамаскин Студит) | • Го опишува развојот на словенската писменост.<br>• Ги споредува глаголицата и кирилицата и ги набројува нивните сличности разлики.<br>• Ги образложува фактите за македонската варијанта на црковнословенскиот јазик.<br>• Ги објаснува улогата и значењето на двете книжевни школи во развојот на црковнословенскиот јазик.<br>• Ја објаснува улогата на народниот јазик и неговите функции во грамотите и дамаскините. |
| **ГРАМАТИКА** | |
| • **Фонетика и фонологија** | • Ги објаснува потеклото и значењето на зборовите: фонема, графема, фонетика, фонологија, правопис, правоговор и ги посочува изворите на информации. |

| | |
|---|---|
| (правопис, правоговор, глас, фонема, буква; гласовна промена, звучно, безвучно, редување, испуштање/елизија) | • Прави разлика меѓу глас и фонема.<br>• Ги определува варијантите на гласот во ист збор и во различни зборови.<br>• Ги образложува причините поради кои еден глас се артикулира различно и посочува соодветни примери.<br>• Ги наведува и објаснува гласовните промени и дава примери за нив.<br>• Ги почитува правилата за бележење на гласовните промени во усна и писмена комуникација. |
| • **Акцент**<br>(зборовен акцент, реченичен акцент, динамичен/експираторен, музикален акцент, определен/фиксиран/постојан акцент, неопределен/слободен/разносложен акцент; третосложно акцентирање) | • Ги наведува карактеристиките на акцентот на македонскиот стандарден јазик (определен, третосложен, динамичен).<br>• Правилно ги акцентира зборовите и го нагласува акцентираниот слог при читањето и при усно изразување и говорење.<br>• Правилно бележи со акцентски знак едносложни, двосложни, трисложни и повеќесложни зборови.<br>• Го идентификува и бележи акцентот кај сложените зборови, кај зборовите од туѓо потекло и ги применува правилата за отстапување од треосложното акцентирање.<br>• Ги препознава акцентските целости.<br>• Ја бележи акцентската целост со поврзување на зборовите со лак под редот и со акцентен знак на акцентираниот слог.<br>• Прави разлика меѓу акцентски целости со два полнозначни збора и акцентски целости со клитики и правилно ги пишува.<br>• Препознава акцентска целост со енклитика и проклитика и правилно ги пишува.<br>• Ги применува правилата за акцентирање во усното изразување. |
| • **Правопис и правоговор**<br>(сложени зборови, полусложенки) | • Ги применува правила засновани на фонетски промени кај согласките.<br>• Правилно ја применува големата буква на почеток на реченицата.<br>• Правилно применува мала почетна буква.<br>• Прави разлика меѓу сложени зборови и полусложенки.<br>• Ги разликува правилата на слеано, полуслеано и разделено пишување на зборовите.<br>• Наведува и ги објаснува примерите за слеано и разделено пишување на зборовите.<br>• Ги применува правилата за слеано и разделено пишување на зборовите. |

| | |
|---|---|
| • **Правописни знаци**<br>(точка (.), запирка (,), две точки (:), црта (–), цртичка (-), загради (( ), [ ]), коса црта (/), надреден знак (`), апостроф (’), ѕвездичка (*), белина (празно место), знакот за акцент (')) | • Ја објаснува функцијата и значењето на правописните знаци.<br>• Прави разлика меѓу интерпункциските и правописните знаци.<br>• Ги применува правилно правописните знаци во писмена комуникација.<br>• Пронаоѓа и коригира грешки во однос на употребата на правописните знаци. |
| • **Скратеници и скратувања на зборовите**<br>(скратеници - акроними, скратувања - абревијации; начини на добивање скратувања во македонскиот јазик, список на скратеници во македонскиот јазик; список на почести скратувања) | • Прави разлика меѓу скратеници и скратувања.<br>• Ги препознава примерите од списокот на почести скратувања и од списокот на скратеници кои се наоѓаат во Правописот на македонскиот јазик.<br>• Наведува примери на скратување на зборови според различни правила.<br>• Правилно го применува скратувањето на зборовите при пишување. |
| **СЛУШАЊЕ, ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ** | |
| • **Слушање со разбирање**<br>• **Читање со разбирање**<br>• **Пишување текстови за официјална и неофицијална комуникација**<br>(формати во официјална комуникација: писма, дописи, молби, барања; структура на официјалната комуникација: наслов, датум, примач, предмет, носечки текст и потпис, формален јазик; формати на неофицијална комуникација: лични писма, е-пораки или пораки на социјалните мрежи) | • Препознава и репродуцира информации од слушнат текст.<br>• Објаснува и толкува значења на пораки и поими од слушнат текст.<br>• Применува слушнати информации во нови ситуации или контексти.<br>• Идентификува и репродуцира клучни факти и детали од прочитаниот текст.<br>• Објаснува и резимира главни идеи и теми од прочитан текст.<br>• Применува информации или концепти од текстот во нови контексти или ситуации.<br>• Пронаоѓа и интерпретира барани информации во текст вклучувајќи информации врзани со табели, графикони, мапи, статистички податоци, шеми.<br>• Идентификува и репродуцира клучни елементи и формати од официјални и неофицијални текстови.<br>• Прави разлика во стилот и структурата во официјална и неофицијална комуникација при писмено обраќање.<br>• Препознава и користи формален јазик и соодветни форми во официјалната комуникација, почитувајќи ја структурата при нивното пишување. |

| | |
|---|---|
| | • Препознава и применува неформален јазик со користење разговорни изрази, скратеници и емотикони, соодветно на контекстот и публиката при пишување лични писма, неофицијални е-пораки или пораки на социјалните мрежи. |

**Примери за активности**

**Индивидуални активности:**

- Учениците истражуваат за видовите комуникација и презентираат примери од секојдневниот живот. Во презентирањето ги вклучуваат сите нови начини на комуникација, каналите на комуникација, видовите знаци кои се користат во комуникацијата притоа потенцирајќи ја улогата на јазикот како посебно средство за комуникација.
- Учениците пишуваат текст по сопствен избор и ја проверуваат точноста на напишаното користејќи ја електронската верзија на најновиот Правопис на македонскиот јазик (2017).

**Практични активности и вежби:**

- Текстотвите за обработка на часовите (литератутни и нелитературни) се читаат на глас во училницата при што другите ученици (со помош на наставникот) ги идентификуваат грешките при акцентирањето и другите грешки во употребата на стандардниот македонски јазик на часовите и потоа ги коригираат и укажуваат како е правилно.
- Учениците добиваат задача да лекторираат текстови од различни функционлни стилови во кои се направени низа правописни грешки.
- По следење некој спортски или музички настан, учениците треба да напишат текст со основните информации за настанот. За текстот треба да понудат неколку наслови, а потоа да го изберат најсоодветниот кој би обезбедил читаност на училишната веб страница.
- Учениците по прво пишуваат официјално писмо до фирми и компании од локалната заедница од кои бараат да им помогнат во реализација на хуманитарен настан *Денот на храната*. Потоа, составуваат писмо во кое се заблагодаруваат за добиената поддршка.

**Истражувачки активности:**

- Учениците истражуваат за особеностите на македонскиот јазик во споредба со другите словенските јазици. За секоја особеност наведуваат примери до кои дошле со истражувањето за да ги илустрираат разликите меѓу македонскиот и другите словенски јазици.

**Квизови и натпревари:**

- На часот се реализира натпревар „Кој е најдобриот слушател?“ Учениците слушаат/гледаат емисија на одредена тема, пример тема од екологијата: „Скопје - најзагадениот град во светот“ и потоа одговараат на листа од прашања кои наставникот ги подготвил во врска со содржината што ја слушаат. Натпреварот има поени и одредено време за решавање.
- Учениците учествуваат во натпревар со наслов „Кој е најдобриот читател?“, каде што одговараат на прашања и решаваат задачи поврзани со текст во кој се изложени факти и информации за вештачката интелигенција и нејзината примена во секојдневието.

Подрачје: ***ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ***

Вкупно часови: 75

**Резултати од учењето:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. Слуша и чита со разбирање литературни текстови од различни литературни периоди.
2. Анализира литературни текстови користејќи литературно - теориски поими од наратологијата и поетиката.
3. Објаснува и разликува литературни родови, видови и нивните карактеристики преку примери од македонската и светската литература, вклучувајќи ја македонската народна литература.
4. Формулира аргументирани и критички ставови за литературни дела и културно-општествени појави, поврзувајќи ги со современи контексти.
5. Создава оригинални текстови - есејски и креативни со почитување на јазичните норми, структурата и правилата за пишан израз.

Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:

1. Читањето со разбирање на литературни дела влијае врз развојот на комуникациските способности, врз начинот на размислување и врз развојот на креативноста.
2. стекнатите вештини преку читањето и толкувањето на литературните текстови се применливи и корисни за учење и стекнување знаења во сите други области.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| **ТЕОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРАТА** | |

| | |
|---|---|
| • **Поделба на литературата**<br>(литературни родови: лирика, епика, драма; лирски видови: песна, ода, елегија, сонет, химна; епски видови: еп, роман, новела, расказ, бајка, легенда; драмски видови: трагедија, комедија, драма, фарса; мит, митологија, фолклор) | • Го дефинира поимот литература и ги наведува нејзините основни карактеристики.<br>• Идентификува различни литературни родови и видови, наведувајќи примери за секој.<br>• Објаснува како литературата се разликува од другите уметности.<br>• Објаснува како митовите и народните приказни служат како извори за уметничката литература.<br>• Ги опишува карактеристиките на митовите и народната литература.<br>• Ги наведува литературните родови и видови и ги опишува нивните карактеристики.<br>• Препознава различни литературни родови и видови во дадени текстови. |
| • **Лирика**<br>(поетски јазик- емоционалност, сликовитост, музикалност, ритмичност, конкретното и преносно значење на зборовите, версификација - стих, метрика на стих, видови стихови, строфа; композиција - строфична, хетерострофична; рима, лирски видови, тематко-мотивска класификација, лирски субјект)<br>• **Стилски изразни средства**<br>(метафора, метонимија, синегдоха, персонификација, еуфемизам, епитет, алегорија, симбол, споредба, антитеза, хипербола, градација, иронија, парадокс, инверзија, елипса, асиндетон, полисиндетон, асонанца, | • Ги објаснува поимите лирика, поетски јазик, версификација, стилски изразни средства.<br>• Ги идентификува и интерпретира елементите на поетскиот јазик (емоционалност, сликовитост, музикалност, ритмичност, конкретното и преносно значење на зборовите).<br>• Ги препознава и ги интерпретира стилските фигури и нивната функционалност во стихот.<br>• Ги доведува стилските фигури во врска со стилот, јазикот и периодот во кој е создадено делото.<br>• Креира структурирани поетски творби со примена на знаењата за лирика.<br>• Препознава стилски, мотивски и содржински карактеристики во лирското дело.<br><br>***Дела /песни по избор за анализа***<br>- „Стихови за маката и радоста“/„Ветрот носи убаво време“ од Ацо Шопов<br>- „Деницијa“ од  Петре М. Андреевски<br>- „Зраци“ од Михаил Ренџов<br>- Македонска љубовна лирика (приредувачи Весна Мојсова-Чепишевска и Иван Антоновски)<br>- Млада македонска поезија – Струшки вечери на поезијата -Млада Струга (2009) |

| | |
|---|---|
| алитерација, ономатопеја, анафора, епифора, парономазија) | - „Сама наспроти Ерос“ од Линдита Ахмети<br>- Избор од поезијата на Васко Попа<br>- „Избори од Маснави“ на Мевлана |
| • **Епика**<br>(мотив, тема, идеја, фабула, сиже, композиција, нарација, наратор, форми на раскажување, ретардација, ретроспекција, интроспекција, проспекција, антиципација, личност, лик, карактер, јунак, време, место)<br><br>• **Епски видови во стих**<br><br>• **Епски видови во проза** | • Ги наведува и опишува основните карактеристки на епиката.<br>• Препознава творби кои ѝ припаѓаат на епиката преку елементите на епската творба.<br>• Ги наведува видовите епски творби според дискурсот и ги опишува нивните каракетеристики.<br>• Ги наведува видовите епски творби според обемот/големината и сложеноста ги опишува нивните каракетеристики.<br>• Составува едноставни епски творби на зададена тема.<br><br>Карактеристиките на епиката во стих се обработуваат преку наведените епови во делот Историја на литературата<br><br>***Избор збирки раскази/расказ од збирката***<br>- „Раскази“ од Антон П.Чехов (расказите „Тага“ и „Мала шега“)<br>- „Ѓон“ од Драги Михајловски (расказите „Мајстор“ и „Ѓон“)<br>- „Воден знак“ од Јадранка Владова (расказот „Битпазар“, „Give me a hug“, „Најубавиот подарок“)<br>- „( С)плетени раскази “ Оливера Ќорвезировска (расказите „Варовник во прав“, „Офталмологија“, „За лекторцките работи“)<br>- „Човекот со четири часовници“ од Александар Прокопиев (расказите „Футролата“ и „Хаику во Скопје“)<br>- „Црни овци“ - антологија на светскиот расказ, избор Катица Ќулавкова<br>- „Анемона“ збирка раскази од Ким Мехмети<br>- „Избор од приказни“ од Халдун Танер<br>- „Алманах на песочните дини“ избор од расказите од Драган Јовановиќ Данилов<br><br>***Романи***<br>- „Имаш пчела на носот“ од Венко Андоновски |

| | |
|---|---|
| | - „Сама“ од Горјан Петревски<br>- „Тајниот дневник на Адријан Мол“ од Сју Таусенд<br>- „Невидлив“ од Елој Морено<br>- „Господар напрстените“ – прв дел од Џон Р.Р. Толкин<br>- „Мадона во крзнениот мантил“ од Сабахаттин Али<br>- „Хекуран од Артас“ од Абдулазис Ислами<br>- „Летото кога научив да летам“ од Јасминка Петровиќ |
| • **Драма**<br>• **Историја на драмата и театарот**<br>(драмски техники, афиша, дидаскалии, чин, слика, појава, пролог, епилог, етапи на драмско дејство, форми: дијалог, монолог; видови драмски дела, современа драма, антидрама) | • Ги наведува и опишува основните карактеристки на драмата.<br>• Препознава и интрепретира елементи на структурата на драмата преку конкретна анализа на драмско дело.<br>• Ги споредува карактеристиките на видовите драмски творби создадени во различни периоди.<br>• Објаснува како драмското дело се трансформира за сценска изведба.<br>• Ја опишува улогата на театарот во развојот на драмата низ историјата.<br>• Подготвува и изведува драмски монолог или дијалог од дадено драмско дело.<br>***Дела/фрагменти по избор за анализа на драмско дело***<br>- „Скржавец“ од Плаут<br>- „Хамлет“ од Вилијам Шекспир<br>- „Парадоксот на Диоген“ од Томе Арсовски<br>- „Диво месо“ од Горан Стефановски<br>- „Народен пратеник“ од Бранислав Нушиќ<br>- „Бракот на поетот“ од Ибрахим Шинаси<br>- „Пахинтик во сон“ од Џабир Ахмети |
| • **Литературно-научни видови**<br>(биографија, автобиографија, дневник, есеј) | • Споредува и разликува литературно-научни видови според нивните карактеристики.<br>• Вреднува дадено литературно-научно дело од науката и публицистиката.<br>• Креира/изработува есеј, патопис и биографија. |

| | |
|---|---|
| | ***Дела за анализа на литературно-научни видови***<br>- „Моите изуми“ од Никола Тесла |
| **ИСТОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРАТА** | |
| • **Периодизација на литературата**<br>(Литературни периоди, епохи, стилски формации)<br>• **Литературата на Стариот век**<br>(Библија, Куран, староегипетска литература, староиндиска литература) | • Објаснува што претставува периодизацијата на литературата и ги наведува основните литературани периоди и нивните карактеристики.<br>• Ги споредува различните литературани периоди во однос на стилските одлики, темите и општествените влијанија.<br>• Прави разлика помеѓу литературен период, епоха и стилска формација.<br>• Го опишува развојот на литературите на Стариот век од аспект на нивното писмо, видови и поврзаност со други уметности.<br>• Анализира содржини на еповите „Гилгамеш“ и „Илијада“ и на драмите на Софокле и Аристофан и ги споредува со митологијата.<br>• Ги наведува спецификите на стилот на Хомер, Софокле, Аристофан.<br>• Ги опишува ликовите во делата/фрагментите што се предмет на анализа и ги споредува нивните карактеристики и функции.<br>• Ги определува елементите на драмскиот конфликт, трагичен јунак, трагична грешка, катарза, теорија за трите единства на драмата во делото Антигона.<br>• Го определува елементите на конфликтот и смешното/комичното на ниво на ликовите и ситуациите во комедијата „Жаби“ од Аристофан.<br>***Дела за анализа***<br>- „Гилгамеш“ (I, VI, VIII, XI плоча)<br>- „Илијада“ (I, VI, XVIII, XXII, XXIV песна) од Хомер<br>- „Антигона“ од Софокле<br>- „Жаби“ од Аристофан |
| • **Средновековна литература**<br>(религиозни и световни жанрови - поучни и пофални слова, житија, апокрифи, похвала, трактат; средновековен расказ, | • Ги определува разликите во книжевните жанрови во средновековната литература- религиозни и световни преку анализа и интерпретација на фрагменти од дадени текстови од средновековна литература.<br>• Ги определува карактеристиките на дадениот жанр преку анализа на стилските особености на текстовите. |

| | |
|---|---|
| средновековен роман, јуначки еп, средновековни книжевни школи и скрипториуми) | • Ги определува карактеристиките на жанрот житие, пофалба, трактат преку анализа на делата.<br>• Го објаснува значењето на браќата  Кирил и Методиј за развојот на словенската писменост.<br>• Ги опишува животот и дејноста на Климент Охридски и Наум Охридски и нивната улога во развојот на Охридската книжевна школа.<br>• Ги опишува карактеристиките на творештвото на Климент Охридски.<br>• Ги именува средновековните книжевни центри и скрипториуми и ја определува нивната важност и улога.<br><br>**Примери по избор од фрагменти**<br>„Теофана Крчамарката“, „ Александар Македонски“, јуначки еп за Марко Крале, „Тристан и Изолда“, „Варлаам и Јоасаф“, „Слово за Походот Игорев“, „Калевала“<br><br>***Дела за анализа***<br>- „Панонски легенди“<br>- „Пофалното слово за св. Кирил од св. Климент Охридски„<br>- „Климент Охридски“ од Томе Арсовски<br>- „О, писменех“ од Црноризец Храбар |
| • **Народна литература**<br><br>(поезија, проза, куси фолклорни жанрови) | • Го определува карактерот на развојот на македонската народна литература.<br>• Го разбира културното и литературното значење на народната литература.<br>• Го објаснува процесот на создавање на народната умотворба во рамките на колективот и усната трансмисија од колено на колено.<br>• Ги определува белезите на народните умотворби преку примена на основните обележја на лириката и епиката.<br>• Анализира и интерпретира различни видови народни умотворби, лирски и епски.<br>• Ја објаснува улогата на народната литература во зачувувањето на културното наследство, наведувајќи примери на народни приказни, песни или поговорки кои рефлектираат специфични аспекти на традицијата. |

| | |
|---|---|
| | ***Примери за анализа избрани од македонска, албанска, турска и српска народна литература***<br><br>- Народна поезија (примери лирски песни: „На Струга дуќан да имам“ – македонска народна песна, „Мојата љубов е како роса“ – албанска народна песна, „Станав жртва на твоите ласкави очи“ - турска народна песна, „Ој, девојко, селен -велен“ - српска народна песна)<br>- Народна проза (приказни: „Богатиот што му купи џигер на сиромавиот“, „Брат брата не рани, тешко кој го нема“, „Девојчето и 12 месеци“ – македонски народни приказни; „Петте леба“ (албанска народна приказна), „Четирите совети“ (турска народна приказна), „Чардак ни на небо ни на земја“ (српска народна приказна)<br>- Кратки фолклорни жанрови |
| • **Хуманизам и ренесанса**<br><br>(хуманизам, ренесанса, новела, сонет, витешки роман, пародија, драмски вид комедија во ренесансата, елементи на трагедија: драмски конфликт, трагичен јунак, трагична грешка, трагичен лик, трагичен ефект) | • Ги опишува основните карактеристики на хуманизмот и ренесансата како книжевна епоха.<br>• Ја објаснува улогата на Данте Алигиери во издигнувањето на народниот италијански јазик на степен на јазик на уметничката литература.<br>• Анализира и интерпретира делови од „Пеколот“ и ги определува основните карактеристики на стилот на Данте Алигиери.<br>• Ги наведува одликите на петраркистичката поезија и го опишува нејзиното влијание во европската литература.<br>• Ги наведува одликите на сонетот.<br>• Креира сонет на зададена тема.<br>• Ги наведува карактерситиките на ренесансната новела по кои таа се разликува од расказ и роман.<br>• Ја опишува структурата на литературното дело „Декамерон“.<br>• Интерпретира новели според дадени барања за анализа на епско дело (тема, идеја, фабула, ликови, наратор, време, место)<br>• Ја објаснува улогата на Вилијам Шекспир во развојот на англискиот театар и англиската литература. |

| | |
|---|---|
| | • Прави споредба на античката трагедија со ренесансната трагедија на Шекспир преку анализа на трагедијата „Ромео и Јулија“.<br>• Ги определува елементите на трагедијата.<br><br>***Дела за анализа***<br>- „Пеколот“ од Данте Алигиери (воведната песна и уште две песни по избор)<br>- „Канционер“ Франческо Петрарка (избор од неколку сонети)<br>- „Декамерон“ Бокачо (избор на 3 новели)<br>- „Дон Кихот“ М. Де Сервантес (предговорот, две авантури на Дон Кихот од првиот дел на романот по избор)<br>- „Ромео и Јулија“ од Вилијам Шекспир |
| **ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ** | |
| • **Усно излагање /говор**<br>(разговор, тема, аргументација, став, мислење, елементи на текст, обраќање)<br>• **Есеј**<br>(избор на тема, план за пишување, вовед, главен дел, литература и извори, аргументи и заклучок)<br>• **Креативно пишување**<br>(структурирани поетски форми: хаику, лантерна, дијамант, акростих) | • Согледува разлики во формално и неформално усно изразување според користената лексика.<br>• Подготвува обраќање на формален и неформален начин.<br>• Подготвува говор на зададена и на избрана тема.<br>• Изразува став и мислење за прочитан текст, книга, статија, гледан филм, проследена манифестација, фестивал и слично, користејќи соодветна аргументација.<br>• Формулира јасна теза за воведен дел на есеј и наведува релевантни аргументи, примери и објаснувања за поддршка на тезата во главниот дел.<br>• Пишува пасус, применувајќи ја неговата стандардна структура: главна реченица, разработка, пример или доказ и заклучна мисла.<br>• Ги поврзува идеите во есејот на логичен и разбирлив начин, користејќи соодветни премини меѓу пасусите.<br>• Пишува есеј на зададена и на избрана тема со јасно дефинирана структура.<br>• Твори структурирани поетски форми.<br>• Пишува прозни текстови со вовед, главен дел и заклучок. |
| **Примери за активности** | |

**Индивидуални активности:**

- Учениците истражуваат преку интернет митови, информации за потеклото на митовите и нивната важност за литературата (и другите уметности) како основи за градењето на значајни литературни дела од антиката до денес. Прикажуваат примери и го поврзуваат митот со делата што се дел од нивната задолжителна програма за читање, а и исто така може да го поврзат присуството на митовите со некои филмови што ги гледале (и ликовни уметнички дела што ги виделе) зборувајќи за влијанието на митологијата врз уметноста воопшто. На крајот на дискусијата ги запишуваат конкретните примери и врз основа на нив за домашна задача пишуваат есеј, избирајќи по еден пример.
- Учениците пишуваат есеј на тема „Предизвиците на мојата генерација“ во согласност со прочитаните романи зададени во делот епика во рамките на оваа програма.

**Практични активности:**

- Учениците анализираат расказ барајќи ги наратолошките одлики карактеристични за него. При анализата ги запишуваат одликите и нив ги користат понатаму и во интерпретацијата.
- Учениците одбираат цитати за некој аспект од прозното дело, пример, исказите и однесувањето на некој лик. При толкувањето на цитатот се интерпретира однесувањето на ликот во рамките на текстот и како тоа влијае на останатите настани.
- Учениците читаат прозен текст, определуваат главна тема и мотиви и даваат свое мислење за начинот на кој е претставен проблемот во текстот.

**Дискусија:**

- Учениците дискутираат за клучните прашања од хуманизмот и ренесансата што како теми и мотиви се провлекуваат во примерите што ги читале: дали мотивите се *лични* или општествено ориентирани, во кои дела и на кој начин тоа се рефлектира, постојат ли одредени форми на изразување во овој период, по што се тие специфични и каде е тоа видливо во примерите кои ги читаат. Од дискусијата се прават заклучоци.

**Квиз/натпревар:**

- Учениците учествуваат во натпревар насловен „Кој е најдобриот познавач на поезијата?“, каде што одговараат на објективни прашања што се однесуваат на поетскиот јазик, стилските фигури и интерпретацијата на дадена поетска творба.

Подрачје: ***МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ***
Вкупно часови: 14

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. анализира медиумски содржини за да оддели факти од мислења и да препознае пристрасност и манипулации;
2. користи достапни алатки за проверка на факти и утврдување на веродостојноста на информациите;
3. ги идентификува техниките за создавање лажни вести и објаснува како тие влијаат врз перцепцијата на публиката;
4. анализира онлајн дебати за да го утврди влијанието на дезинформациите, манипулациите и говорот на омраза.

Ученикот/ученичката ќе:

1. развива стратегии за критичко размислување кои помагаат во одржување на објективност при читање медиумски содржини;
2. развива свесност за тоа како сопствените когнитивни пристрасности можат да го зголемат ризикот од верување во лажни вести;
3. ја цени слободата на изразување, но прифаќа дека говорот на омраза не може да се оправда со ова право.

| Содржини (и поими): | Стандарди за оценување: |
|---|---|
| • **Факти и мислења** | • Ја објаснува разликата меѓу фактите и мислењата што се користат во медиумите.<br>• Ги одделува фактите од мислењата во текстови или медиумски прилози.<br>• Анализира новинарски текстови за да утврди како авторот комбинира факти и мислења за да создаде пристрасност. |
| • **Извори на информации**<br>(официјални медиуми, блогови , социјални медиуми; доверливост, веродостојност) | • Ги наведува карактеристиките на различните извори на информации (официјални медиуми, блогови и социјални медиуми) и објаснува како тие меѓусебно се разликуваат.<br>• Применува критериуми за проверка на доверливоста на извори на информации на примери од различни видови извори.<br>• Анализира примери од медиумски и други извори за да утврди дали се доверливи и веродостојни. |
| • **Проверка на факти**<br>(верификација, алатки за проверка на факти) | • Го демонстрира процесот на верификација на информација користејќи онлајн ресурси и алатки за проверка на факти.<br>• Ја утврдува веродостојноста на дадени информации со примена на  конкретни алатки. |

| | |
|---|---|
| • **Пристрасност и манипулација** | • Објаснува како се внесува пристрасност и манипулација во медиумските содржини.<br>• Објаснува како манипулацијата во медиумските содржини влијае врз информираноста и критичкото размислување на публиката.<br>• Споредува пристрасни и непристрасни содржини за да утврди разлики во објективноста и точноста.<br>• Анализира дадени медиумски содржини (вклучително и медиумски наслови) за да утврди дали и до кој степен се пристрасни или манипулативни. |
| • **Дезинформации и лажни вести** (полувистини, вадење информации од контекст) | • Објаснува како се шират лажните информации преку медиумите.<br>• Објаснува како лажните информации влијаат врз јавното мислење и донесувањето одлуки.<br>• Проценува релевантноста и точноста на информациите со користење на проверени извори и верификациски алатки.<br>• Ги идентификува техниките што се користат за создавање на лажни вести, како што се селективно претставување, употреба на полувистини или вадење информации од контекст. |
| • **Манипулација со слики и видеа** (фотошопирање, изменување на контекстот и селективно прикажување) | • Објаснува како сликите и видеата се менуваат за да се создадат дезинформации или да се шири пропаганда со цел да се обликува перцепцијата на реалноста и да се влијае врз јавното мислење.<br>• Демонстрира како се применуваат основните техники на дигитална манипулација со слики и видеа, како што се фотошопирање, изменување на контекстот и селективно прикажување.<br>• Применува алатки за да утврди дали сликите или видеата се изменети и ги идентификува визуелните елементи што укажуваат на манипулација. |
| • **Онлајн дебати и говор на омраза** | • Ги поврзува концептите на дезинформација и манипулација со нивното влијание врз квалитетот на онлајн дебатите.<br>• Ги препознава различните форми на говорот на омраза (од отворени навреди до суптилни начини на дискриминација или поттикнување насилство) во текстуални, визуелни и аудио содржини на социјалните мрежи.<br>• Ги објаснува штетните последици од говорот на омраза врз поединци и општествени групи.<br>• Ја објаснува врската на говорот на омраза со слободата на изразување. |

| | |
|---|---|
| | • Прави разлика помеѓу конструктивна критика и говор на омраза во различни контексти. |

**Примери за активности**

**Анализа на статии***:*

- Учениците добиваат два текста за ист настан од различни медиуми. Индивидуално ги анализираат, идентификуваат факти, мислења и пристрасности, а потоа ги презентираат своите наоди пред класот.

**Практична активност***:*

- Во групи, учениците добиваат серија медиумски содржини и користат онлајн алатки за проверка на факти (на пример, Google Fact Check Explorer). Групите ги презентираат резултатите од проверката и укажуваат на предизвиците со кои се соочиле во процесот на проверка.

**Практична активност**:

- Учениците, поделени во групи, креираат презентација во која се демонстрира како се менуваат визуелни содржини за да се влијае врз јавната перцепција.

**Симулација и играње улоги:**

- Учениците се делат во групи и секоја група станува „уредувачки одбор“, а членовите на групата добиваат различни улоги (главен уредник, проверувач на факти, аналитичар за манипулација и истражувач за изворите) и согласно нив анализираат серија од „медиумски вести“ што содржат комбинација од факти и мислења, пристрасни и непристрасни содржини и примери на манипулација (полувистини, селективно претставување и/или информации извадени од контекст). По анализа на вестите, групите одлучуваат кои вести ќе ги објават и даваат образложение зошто.

**Дискусија**:

- Наставникот започнува отворена дискусија со сите ученици на тема: Зошто говорот на омраза треба да се забрани и санкционира? Во текот на дискусијата учениците ги согледуваат штетните последици од говорот на омраза по поединците и групите на кои се однесува (дискриминација, изолација и насилство против одредени етнички, религиозни, или други маргинализирани групи).

**Креативна активност:**

- Учениците, поделени во групи, креираат едукативен ресурс (видео, статија или инфографик) во кој објаснуваат како се шират лажните информации преку медиумите.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ И ИНТЕРКУЛТУРНОСТ

Наставниците во гимназиското образование поттикнуваат инклузивност преку обезбедување активно вклучување на сите ученици во наставните активности. Соодветно ги адаптираат методите на работа за да одговараат на различните когнитивни и емоционални потреби на учениците, користејќи пристапи како индивидуализација, диференцијација, тимска работа и соученичка поддршка. При работа со ученици со попреченост, наставниците применуваат индивидуални образовни планови кои вклучуваат прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување и овозможуваат дополнителна поддршка од образовни асистенти, медијатори, тутори-волонтери и професионалци од ресурсните центри.

Редовното следење на напредокот на учениците, особено оние од ранливите групи, е од суштинско значење. Наставниците навремено ги идентификуваат евентуалните тешкотии и обезбедува насоки за нивно надминување, притоа создавајќи поддржувачка средина за постигнување на резултатите од учењето. Овој пристап не само што ги поттикнува академските постигнувања, туку и ја гради самодовербата на учениците и нивното чувство на припадност.

Во промовирањето на родова рамноправност, наставниците внимаваат да не се поттикнуваат стереотипни родови улоги при организирање на активностите. При формирањето групи за работа или доделувањето задачи, наставниците обезбедуваат рамнотежа помеѓу момчињата и девојчињата, додека при користењето примери, текстови и илустрации ја поддржуваат родовата сензитивност и ги поттикнуваат учениците да ги надминат родовите стереотипи. Наставниот процес е осмислен така што родовата еднаквост и етничката/културната сензитивност се природен дел од сите активности, особено преку користење, секаде каде што е можно, материјали и содржини кои промовираат интеркултурализам и меѓуетничка интеграција.

Наставниците ги воведуваат учениците во различни културни перспективи преку активности кои промовираат почитување на различностите во сите можни ситуации. Ова им овозможува на учениците да развијат свест за интеркултурно разбирање и соработка, што е основа за создавање и развој на кохезивно, хармонично општество.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот поврзани со сите подрачја од програмата;
- истражувачки активности со кои ученикот истражува: за особеностите на јазикот, за користењето на стандардниот говорен и писмен јазик во различен вид комуникација, за употребата на правописот во писменото изразување во различни видови текстови и контексти, за одредени периоди и епохи доведувајќи ги во врска општествените и други развојни текови со делото/авторот;
- презентации на различни теми поврзани со сите три подрачја од програмата;
- презентации со анализа и интерпретација на литературни и нелитературни текстови преку цитати, аргументации и примери;
- изработени говори, есеи, поетски и прозни литературни форми;
- писмените извештаи со приказ на податоци и информации во различни формати и облици со примена на објективно претставување од релевантни извори;
- домашните задачи;
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето;
- учество и ангажираност во активности, дискусии, тимска работа.

Ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тестови на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2025/2026 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Македонски јазик и литература* за I (прва) година гимназиско образование.** | бр.13-5306/11<br>3.4.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>_______________________________ |